# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА
# - РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ -
# - ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ПРАШАЊЕТО ЗА ИМЕТО -
# - ЕУ И НАТО -

Ноември 2010 година

Почитувани,

Помеѓу 12-15 Ноември 2010 година, **Институтот за Политички Истражувања од Скопје** спроведе телефонска анкета **на 1111 испитаници** со цел да се увидат перцепциите на граѓаните во повеќе области како што се **евро-атланските интеграциии** и **прашањето за името**, и како овие политики се одразуваат врз **рејтингот на политичките партии и нивните лидери**. Основен критериум при изборот на темите за истражување беше нивната актуелност, а со оглед дека анкетата беше спроведена по извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во нејзиниот евроинтегративен процес, а во пресрет на претстојниот НАТО самит, токму евро-атлантските аспирации и нивната меѓузависност во контекст со прашањето за името се издвоија како најинтересни политички теми во овој период.

Институтот за Политички Истражувања од Скопје е формиран во март 2010 година од страна на членовите на истражувачкиот центар на Институтот за Демократија. Истражувањата на јавното мислење се спроведуваат според стандардизирана методологија за испитување која е унифицирана и тестирана од страна на Институтот за Политички Истражувања. За релевантноста и точноста на резултатите е одговорен Институтот и неговите членови зад кои стои 11 годишно работно искуство во оваа област.

Последното истражување беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија.

**РЕЗУЛТАТИ**

Анкетниот прашалник се состоеше од седум прашања на кои испитаниците ги дадоа следните одговори.

Во **ПРВОТО ПРАШАЊЕ** се мереше рејтингот на политичките партии. Според истражувањето, најголем рејтинг во моментов има ВМРО-ДПМНЕ со 23%, по што следува Социјалдемократскиот сојуз со 11,5%. Останатите партии од македонскиот блок уживаат доверба помала од 1%. Во албанскиот блок партии, најголем рејтинг има Демократската унија за интеграција со 6,5%, по која следуваат Демократската партија на Албанците со 2,9% и Нова Демократија со 1,4%.Процентот на неопределените испитаници и оние кои не дале одговор на ова прашање е 24,4%, додека 27,6% од испитаниците изјавиле дека нема да гласаат.

| **Доколку утре се одржуваат парламентарни избори за која партија би гласале?** | | |
|---|---|---|
| | | Процент |
| | нема да гласам | 27,6 |
| | друга | 2,1 |
| | не знам/нема одговор | 24,4 |
| | ВМРО ДПМНЕ | 23 |
| | СДСМ | 11,5 |
| | ДУИ | 6,5 |
| | ДПА | 2,9 |
| | Нова Демократија | 1,4 |
| | ЛДП | 0,6 |
| | Вкупно | 100 |




**ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** се однесува на претпоставката на граѓаните за тоа која партија би била победник на следните парламентарни избори.

| Што мислите кој ќе победи на следните парламентарни избори? | | |
|---|---|---|
| | | Процент |
| | друга | 1,8 |
| | не знам/нема одговор | 44,1 |
| | ВМРО ДПМНЕ | 32,3 |
| | СДСМ | 10,4 |
| | ДУИ | 6,8 |
| | ДПА | 3,4 |
| | НД | 1,2 |
| | Вкупно | 100 |

**Што мислите кој ќе победи на следните парламентарни избори?**




На **ТРЕТОТО ПРАШАЊЕ** се мереше довербата во политичарите во Република Македонија. На отворената листа кај која испитаниците се одлучуваат само за еден политичар, најголем рејтинг има лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски т.е. 23,5% по кој следува лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, Бранко Црвенковски со 9,2%. Кај албанскиот политички блок најголем рејтинг ужива лидерот на ДУИ, Али Ахмети со 6,8% по кој следува лидерот на ДПА, Мендух Тачи кој има рејтинг од 3,4%, а потоа следи лидерот на Нова Демократија, Имер Селмани со 2,3%. Над 1% рејтинг има и актуелниот градоначелник на Гостивар, Руфи Османи (1,1%). На ниеден политичар не му веруваат 31,8% од испитаниците.

| Во кој политичар имате најголема доверба? | | |
|---|---|---|
| | | Процент |
| | ниеден | 31,8 |
| | друг | 5,6 |
| | не знам/нема одговор | 16,3 |
| | Никола Груевски | 23,5 |
| | Бранко Црвенковски | 9,2 |
| | Али Ахмети | 6,8 |
| | Мендух Тачи | 3,4 |
| | Имер Селмани | 2,3 |
| | Руфи Османи | 1,1 |
| | Вкупно | 100 |



Во **ЧЕТВРТОТО ПРАШАЊЕ** се мереше ставот на граѓаните за евро-атлантските интеграции.




Со оглед дека ЕУ и НАТО аспирациите се директно поврзани со прашањето за уставното име на Република Македонија во **ПЕТТОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните се изјаснуваа дали бу подржале промена на уставното име со цел да станеме членака на ЕУ и НАТО.



**ШЕСТОТО ПРАШАЊЕ** беше поврзано со претходното прашање при што испитаниците одговараа **дали би поддржале промена на името доколку сите релевантни политички партии постигнат консензус за тоа.**




На последното **СЕДМО ПРАШАЊЕ** од ова истражување граѓаните го оценуваа извештајот на Европската комисија за напредокот на РМ во нејзините евро-интеграциски процеси.



НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3 % . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Институт за Политички Истражувања - Скопје (ИПИС)
ул. Багдадска 15/11, Скопје
тел. +389 2 3078 319

Владимир Божиновски
моб. 070 269 828

Гораст Стојменовски
моб. 071 211 434